Supporting the Public Services Sector
for Establishing and Promoting EWCs

Co-funded by
the European Union

# СОЗДАВАЊЕ НА ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ

**ЗА РАБОТНИЦИТЕ ВО СЕКТОРОТ**
ЗА ЈАВНИ УСЛУГИ

## МИНИ ПРИРАЧНИК 2

Supporting the Public Services Sector for
Establishing and Promoting EWCs

Supporting the Public Services Sector for Establishing and Promoting EWCs

Co-funded by the European Union

Го претставуваме овој **Мини прирачник** за „создавање на транснационален систем за информирање за работници во секторот за јавни сулуги“ (кој што е дополнет со другиот прирачник за „создавање на Европски работнички совет во Директивата 2009/38: Кон подобро учество на работниците во компанијата“), развиен во рамките на Проектот за поддршка на секторот за јавни услуги за воспоставување и промоција на ЕРС, со цел на вклучените актери да им се пружи алтернативна опција на непостоењето на ЕРС во секторот за јавни услуги во Европа.

## Создавање на Транснационален систем за информирање во секторот за јавни услуги: алтернатива за невозможноста на создавање на ЕРС во оваа област

Европската унија го поддржува и дополнува делувањето на државите членки во поглед на учество на работниците, преку системот за информирање и консултирање на работниците со цел за постигнување на темелните аспекти на европската социјална политика низ воспоставување на „Европскиот работнички совет или процедурата за информирање и консултирање на работниците во компании и групи на компании на ниво на заедница“ преку Директивата 2009/38.

Но, кога е во прашање имплементацијата на можноста за учество на работниците во секторот за јавни услуги, се сретнуваме со низа потешкотии кои го оневозможуваат создавањето на ваквите ЕРС кои постојат во приватниот сектор.

**а) Прва потешкотија: Јавни услуги и транснационалност**

Директивата 2009/38 го воспоставува создавањето на ЕРС за компании или групи на компании „на ниво на заедница“, кои вработуваат 1.000 или повеќе работници во државите членки и кои, во најмалку две различни држави членки, вработуваат 150 или повеќе работници во секоја од нив.

Овој услов не е исполнет во јавниот сектор на различни земји, бидејќи овој сектор ја нема таа „категоризација“ “друштво на ниво на заедница” (јавна управа во која не може да се дефинира ниту седиштето ниту контролната компанија, на пример), па, поради своите национални функции и подложности на владата на својата земја, исто така да не уживаат мнималното ниво на интернационализација, па се во директна спротивност со дефиницијата на транснационалноста дадена во Директивата 2009/38.

**b) Втора потешкотија: Исклучување на држави кои не се членки**

Оваа втора потешкотија (невозможност) е чисто од законодавна природа во смисла на опсегот на примена на Директивата, бидејќи истата се однесува само на државите членки (во согласност со одредбите од членот 19: „предметната Директива е применлива на државите членки“), што ги исклучува земјите

кандидати, кои не би имале можност за интеграција во овој тренснационален информациски ситем.

**c) Трета потешкотија: Системи на работните односи**

Различни системи на работните односи кои што постојат ширум Европа, исто така се елемент кој што влијае врз создавањето на ЕРС.

Културата на работните односи, постоење или непостоење на претставници на работниците во секторор за јавни услуги, начинот на нивниот избор, нивните овластувања, нивните способности за делување, односно можности за интервенција во регулирање на условите за работа на работниците во јавниот сектор низ колективно преговарање, помеѓу останатите апспекти, ја идентифицираат можноста за создавање на ЕРС во оваа област.

**Важност на учество на работниците, исто така на транснационално ниво**

Ефикасноста на било која организација зависи, во голема мера, од нејзината способност да ги спроведе процесите на генерирање и преносување на информации, како внатре во самата организација, така и надвор од неа.

Инсистирање на учество на работниците е важно, бидејќи одлуките кои оганизацијата може да ги донесе имаат влијание не само врз нејзината иднина туку и врз нејзините членови. Вклучување на вработените во процесот на донесување одлуки ѝ помага за успехот на организацијата и им ја зголемува мотивацијата и посветноста на работниците и создава подобра клима во работните односи и придонесува за социјаниот мир.

Во таа смисла, системите на **информирање и консултирање** (кои се спроведуваат и на национално и на транснационално ниво) стануваат неопходни инструменти за спроведување на процесот за учество на работниците во јавниот сектор.

Врз основа на овие проценки, а с оглед на невозможност за воспоставување на ЕРС во областа на јавните услуги, **сметаме дека може да се воспостави систем за размена на информации** помеѓу претставниците на синдикатите и јавни менаџери од различни држави членики и/или кандидати, **но, ниту во кој било случај нема да може да се воспостави систем за консултирање**, поради она што веќе е кажано за разликите во концептот и структурирање на она што се подразбира под јавен сектор, како и начинот на разбирање и пристапот до колективното преговарање во секоја земја.

Според тоа, **посветени сме на Транснационалниот систем за информирање во секторот за јавни услуги**, бидејќи веруваме дека тој може да пружи низа погодности на сите земји членки или кандидати кои би можеле да се интегрираат во истите, кое што во продолжетокот ќе се обидеме да го образложиме.

**I.- Треанснационалниот систем за информирање може да ги подобри системите на работните односи на земјите кои имаат помала традиција во оваа смисла:**

Можеме да претпоставиме дека во земјите во кои постои јака традиција на социјален дијалог, Транснационалниот систем за информирање во секторот за јавни услуги ќе функционира поефикасно одколку во земјите со послаба култура на работните односи, бидејќи истиот може да послужи како кохезионен инструмент и „огледало“ во кое можат да се огледаат: промоцијата на социјалниот дијалог во овие земји и поттикнување на развојот на застапеност на работниците на национално ниво.

На тој начин, иако целта на нашиот Транснационален систем за информирање (и ЕРС) е занимавање со транснационални прашања, покрај овие процеси на информации и консултирање, оваа структура може да го подобри социјалниот дијалог на локално ниво и да ги реши некои конфликти на тоа ниво.

**II.- Транснасционалниот систем за информирање може да ја подобри борбата против влијанието на непредвидени околности, како што се нови пандемии:**

Во текот на пандемијата КОВИД-19, сите земји морале да развијат многу слични стратегии, понекогаш поддржани со предлози на самата Европска унија.

Евидентно е дека КОВИД-19 имал значителено економско влијание и врз самата организација како и дека врз величината и природата на овие реперкусии јасно влиаjел секторот за делување, при што јавните служби го носеле најголемиот товар во борбата против оваа пандемија.

Во таа смисла, Транснационалниот систем за информирање во секторот за јавни услуги би можел да значи поголема кохезија меѓу нив, а размената на информации и стратегии би можела да пружи дополнителна вредност во решевање на овие ситуации.

**III.- Транснационалниот систем за информирање може да го обедини спроведувањето на работните акции кои што на сличен начин се спроведуваат во земјите:**

Мораме да земеме предвид дека во повеќе земји, во секторот за јавни услуги, уште не се заклучени ниту економските влијанија на пандемијата, ниту нејзиното влијание врз организација, реструктурирање и вработување.

Промената на начинот на работење, посебно во јавниот сектор, која што е забрзана со пандемијата, придонесе за расправање за идните облици на работењето како што е работење на далечина, како и во многу други работи што се заеднички со различни држави, членки или кандидати, на кои што се работи на национални нивоа со соодветни влади.

Сите земји, во поголема или помала мера и со многу слични разгледања, се занимаваат со низа прашања во рамка на колективно договарање, социјален дијалог или националните системи за информирање и консултирање, меѓу кои, без сомнение се:

- Дигитализација на јавните услуги
- Регулирање на работењето на далечина
- Имплементација на нови технологии
- Создавање на нови облици на вработување или пружање услуги
- Спроведување мерки насочени кон балансот помеѓу деловниот и приватниот живот
- Мерки кои се однесуваат на безбедност и здравјето на работното место воочи отворањето на новите зелени работни места, декарбонизација, условите на работното место или борбата против пандемијата
- Обука како одговор на појава на новите работи и новите облици на вработување кои што ги присилуваат работниците да научат нови професионални вештини

Според тоа, ние сме посветени на постоењето на Транснационалниот систем за информирање во областа на секторот за јавни услуги, како главен прималел на имплементацијата, која што токму ја спомнавме, **што би можел да овозможи похомогена имплементација ширум Европа, доближувајќи нè до поправедни и поприфатливи услови за вработување на сите територи.**

- THIS COPY IS FREE-

“Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them.”

**Supporting the Public Services Sector**
for Establishing and Promoting EWCs

Co-funded by
the European Union